***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 11.07.2025 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци во Домот на пензионери Демир Хисар со почеток во 11 $^{00}$ часот.

Во работата на советот учествуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски, Сандра Пејковска, Магдалена Вељановска, Јордан Кромидаровски, Марина Димитријовска, Јасмина Јовановска, Валентин Нестороски и Сашо Михајловски присутни во салата и советниците Филип Ангелевски и Данила Давидевска во работата на советот учествуваа со употреба на комуникациски средства- преку мобилен телефон. На седницата присутен претставник од општинската администрација беше Александра Трајковска. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

***ДНЕВЕН РЕД***

1. Донесување на Одлука за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар.
2. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата констатира присуство на 9 советници во салата, а потоа ги извести советниците двајца советници Даниела Давидевска и Филип Ангелевски во работата на советот ќе учествуваат со употреба на комуникациски средства преку телефон. Исто така образложи до советот стигна Листа со предлог кандидати за Командир на Полициска станица од општа надлежност, советот треба да избери командир. Листата е составена на 02.07.2025 година, и наведено е дека во рок од 15 дена советот треба да избере командир. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 49-тата седница.Со 11 „за“ беше усвоен Дневниот ред.

***ТОЧКА 1. Одлука за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар***

Во врска со Одлуката за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар имаше тројца кандидати Николче Јошевски од Демир Хисар, Марјан Трајчевски од Битола, Даниела Здравеска Цаковска од Битола. Бидејќи никој не се пријави за дискусија претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се пристапи кон гласање поединечно за кандидатите. За кандидатот Николче Јошевски гласаа 11 „за“. Едногласно беше избран кандидатот Николче Јошевски за Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 49-тата седница.

***ТОЧКА 2. Предлози и прашања***

Во точката предлози и прашања немаше дискусија, Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 840/3
07.08 .2025 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски